

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец октомври 2022

Датум: 01.11.2022
Сектор Инвестиции

Арх. бр. 09-2428
01.11.2022

SAVA PENZISKO

## Содржина

1. УНИБанка АД Скопје........................................................................................................ 3

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартии од вредност.**

Во текот на месец октомври 2022 година се одржа акционерско собрание на **УНИБанка АД Скопје**, компанија во која задолжителниот и доброволниот пензиски фонд поседуваат акции и согласно Правилникот Друштвото има обврска за присуство и известување.

## 1. УНИБанка АД Скопје

### 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. УНИБанка АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **УНИБанка АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **4,98%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,17%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 17.10.2022 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**<br>1. Отворање на Собранието<br>2. Избор на работни тела на Собранието<br>- избор на Претседавач на Собранието;<br>- избор на бројач на гласови;<br>- избор на записничар<br><br>**Работен Дел**<br>1. Предлог Одлука за изменување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје;<br>2. Предлог Одлука за употреба на акумулирана добивка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година; | |

| | |
|---|---|
| | 3.Предлог Одлука за утврдување на висина на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје и<br>4. Предлог Одлука за именување член на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје. |
| *Претставници на Собранието* | Васко Богдановски |

**II. УНИБанка АД Скопје**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на УНИБанка АД Скопје, се одржа на 17.10.2022 година со почеток во 11 часот во просториите на Банката на ул. Максим Горки бр.6, Скопје.
Сава пензиско друштво АД Скопје, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на УНИБанка АД Скопје гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието
2. Избор на работни тела на Собранието
   - избор на Претседавач на Собранието;
   - избор на бројач на гласови;
   - избор на записничар

**По предлозите од процедуралниот дел гласаше ЗА**

**Работен Дел**

1. Предлог Одлука за изменување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје;

**Гласаше ЗА**

2. Предлог Одлука за употреба на акумулирана добивка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година;

**Гласаше ЗА**

3. Предлог Одлука за утврдување на висина на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје;

**Гласаше ЗА**

4. Предлог Одлука за именување член на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.

**Гласаше ЗА**

## 1.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на УНИБанка АД Скоје

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на УНИБанка АД Скопје, се пристапи кон избор на Работни тела. На собранието беа присутни акционери кои поседуваа 80,74% од акциите со право на глас.

Предложените измени на Статутот на Унивверзална Инвестициона Банка АД Скопје се однесуваат во делот кој го уредува времетраењето на мандатот на членовите на Управниот одбор при именување со одлука од Надзорниот одбор, како и во делот на надлежностите на членовите на Управниот одбор на банката. Со промените на статутот се остава можност на Надзорниот одбор на банката за определување на времетраење мандатот на именуваниот член на Управниот одбор и за период пократок од 5 години, кои сметаме дека се во насока на подобро корпоративно управување. Додека пак промената во поделбата на надлежностите и одговорностите се врши со цел поефикасно управување со одделни сегменти на работењето на Банката.

Согласно финансиските резултати заклучно со 30.06.2022 година, Банката покажува сигурност и стабилност во работењето, а финансиските показатели покажуваат натамошен раст на капиталот и ликвидноста на Банката, поради што се предложи акумулираната добивка расположлива за понатамошна распределба во износ од 120,000,000.00 денари да се употреби за исплата на дивиденди на акционерите на Банката. Претставникот на Сава Пензиско АД Скопје ја поздрави предложената Одлука за употреба на акумулирана добивка за 2021 година, и се надева дека ваквите одлуки за исплата на дивиденди ќе станат традиција за Банката.

Поради истекување на мандатот на членот на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во април 2023 година, на седницата на Собранието на акционери се донесе одлука за именување на г-дин Константин Илијчов Арнаудов за член на Надзорниот одбор на Банката - реизбор. Предложениот кандидат Константин Илијчов Арнаудов, е лице со долгогодишно работно искуство од областа на корпоративното банкарство, поседува професионални квалификации да ги извршува работите од делокруг на работењето на Надзорниот одбор.

Сава пензиско друштво АД Скопје, гласаше **ЗА** по сите точки од Дневниот ред. Сите точки од Дневниот ред беа усвоени од страна на акционерите претставувани на ова акционерско собрание.